20100160302

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 21.01.2010 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2000, 4/2001, 56/2001, 71/2001, 41/2003, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006, 62/2007, 86/2007, 132/2007, 56/2008, 132/2008 и 88/2009), во членот 27 став 2 алинејата 8 се менува и гласи:

„осигурените лица со дијабетес мелитус и разни кардиолошки заболувања кај кои постои привремена или трајна уринарна и/или фецесна инконтиненција“ .

Член 2

Во списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на овој правилник, за ортопедските помагала наведени во табелата под реден број од 170А до 170 Д единечната цена со сите давачки – референтната цена за помагалата, се менува и гласи:

Ред. број		Назив на помагалото, материјал резервни делови, потрошен материјал	Индикации по правилник	Помагалото го препишува	Рок на употреба во месеци според возраста				Партиципација	Количина месечна	Единечна цена со сите давачки Референтни цени
					До 7 год	Над 7 до 18 год	Над 18 до 65 год	Над 65 год			
170	А	Анатомски обликувани влошки за лесен и среден степен на инконтиненција, со впивлива моќ од минимум 800 мл	Член 27	Лекар специјалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветната дејност					10% освен за деца	**108**	13
170	Б	Анатомски обликувани влошки за тешка и мешана инконтиненција, со впивлива моќ од минимум 2300 мл	Член 27	Лекар специјалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветната дејност					10% освен за деца	**60***	20
170	В	Анатомски машки влошки за уринарна инконтиненција со впивлива моќ од минимум 600 мл	Член 27	Лекарспецијалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветната дејност					10% освен за деца	**84**	31
170	Г	Високоперформантни анатомски пелени за лица до 40 кг или обем на колкови до 60 цм), за тешка инконтиненција (уринарна и фецесна), со впивлива моќ од минимум 1300 мл	Член 27	Лекар специјалист од соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветната дејност					10% освен за деца	**96**	14
170	Д	Високоперформантни анатомски ноќни пелени за инконтиненција (уринарна и фецесна), за лица над 40 кг	Член 27	Лекар специјалист од					10% освен за деца	**30**** (или 90)	28

		Со мала стандардна големина за обем на колкови 50-80 цм и со впивлива моќ од минимум 1700 мл		соодветната дејност или избраниот лекар по препорака на лекар специјалист од соодветната дејност							
		Со средна стандардна големина за обем на колкови 70-110 цм и со впивлива моќ од минимум 2000 мл									
		Со голема стандардна големина за обем на колкови 100-150 цм и со впивлива моќ од минимум 2300 мл									

* - (во комб.со ноќни пелени – 170Д)
** - (во комб.со влошки – 170 Б)

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-579/4
21 јануари 2010 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Елена Трпковска, с.р.